Автори: *Емина Нурединоска, Марија Саздевски, Борјан Ѓузелов*
Дата: *октомври 2014 г.*
ISBN: *978-608-4681-25-0*
PDF на македонски јазик: izvestaj-za-procenka-na-korupcijata-vo-makedonija-2014.pdf
PDF на англиски јазик: corruption-assessment-report.pdf

Извештајот за проценка на корпцијата претставува сеопфатен преглед на состојбата и динамиката на корупцијата во Република Македонија. Основата на овој извештај е Системот за следење на корупцијата (ССК) развиен од Центарот за изучување на демократијата (ЦСД) од Бугарија. ССК се заснова на различни извори на информации и ги комбинира квантитативните и квалитативните методи за следење и процена на корупцијата. Обединетите нации (ОН) го имаат признаено ССК како систем со најдобри практики за следење на корупцијата на национално ниво и е во согласност со пристапот за виктимизација на ОН за мерење на нивото на административна корупција.

Извештајот е сочинет од седум дела. Во првиот дел е анализирано нивото на корупција во Македонија врз основа на наодите од две анкети: со население и со претставници од деловниот сектор. Во овој дел, преку седум индекси даден е одговор за актуелното искуство на граѓаните со корупцијата, за нивните ставови кон корупцијата и за перцепциите за корупцијата. Антикорупциските политики и правната рамка се презентирани во вториот дел, додека институционалните практики и спроведувањето на законите се опфатени со третиот дел. Четвртата тема на овој извештај е улогата на судството во справувањето со корупцијата, а петтата се занимава со опкружувањето и влијанието на ефектите од коруптивните дела врз развојот на економијата. Шестиот и седмиот дел се однесуваат на грѓанското општество и неговата улога во борбата против корупцијата, како и меѓународната соработка и поддршка за анти-корупциските политики и мерки.